Funded by the European Union

РЕЗИМЕ

ЕУ за слободата на изразување – Северна Македонија
Работилница за медиумски реформи 12-13 октомври 2023 година

„Кон одржлив, разновиден и безбеден медиумски сектор: поддршка на демократијата и плурализмот и во служба на граѓаните“

Целта на оваа Работилница беше да се поттикне сеопфатна дебата за промените во поширокото медиумско и дигитално опкружување и предизвиците со кои се соочуваат медиумите и новинарството, како и за правците во кои треба да се одвиваат медиумските реформи во РСМ, со цел националното законодавство да се усогласи со најновите регулативи на Европската комисија – Регулативата за слобода на медиумите и Регулативата за дигитални услуги, како и со документите и препораките на Советот на Европа и другите меѓународни организации.

На Работилницата присуствуваа претставници на сите медиумски сектори, граѓанските организации од медиумската сфера, независни експерти и претставници на повеќе надлежни институции и тела. Во исклучително богатата и ангажирана дебата беа изнесени мноштво различни согледувања и предлози за тоа во кој правец треба да се одвива процесот на медиумски реформи во земјава. Дел од клучните прашања за кои се дискутираше на работилницата беа следниве:

I. *Конкурентност, одржливост и плуралност на пазарот*

- Во поглед на бројот на субјекти на медиумскиот пазар, во сите сектори, постои огромна фрагментираност. Оваа фрагментација, заедно со зачестеното користење на онлајн медиумите и одливот на средствата за огласување кон глобалните мрежи и даватели на содржини, низ текот на годините доведоа до економска неодржливост на голем број домашни медиуми. Податоците на регулаторот покажуваат дека вкупните приходи во аудиовизуелниот сектор од 2016 година постепено опаѓаат во сите сектори, но и дека најголем удел во приходите (85%) во ТВ секторот имаат петте терестријални телевизии на државно ниво.
- Сегашните правила за концентрацијата на сопственоста во аудиовизуелниот сектор се премногу рестриктивни и го попречуваат окрупнувањето и развојот на секторот. Освен тоа, со нив не се опфатени информативните онлајн медиуми кои, според новите ЕУ документи, треба исто така да се заштитат од политички и други влијанија и да подлежат на обврските за транспарентност на сопственоста и изворите на финансирање.
- Потребни се измени и осовременување на постојниот модел на лиценцирање во аудиовизуелниот сектор, со цел законските одредби да се приспособат на новите видови аудиовизуелни услуги. Неопходно е да се ревидираат и критериумите за утврдување на надоместоците за лиценци.
- Прашањето на пиратеријата во аудиовизуелниот сектор треба да се решава во рамки на постојниот режим на заштита на авторските и сродните права, но за таа цел е неопходно итно усогласување на легислативата со директивите на ЕУ. Потребно е и подигнување на капацитетите и кооординирана акција на институциите надлежни за заштита на авторското и сродните права.

II. *Социјален и економскиот статус на новинарите*

- Економската неодржливост директно се рефлектира врз позицијата и правата на новинарите и медиумските работници. Ниските плати, несигурноста на работата и ограничените ресурси се главни проблеми со кои тие се соочуваат кога станува збор за нивните социјални и работнички права. Хонорарно ангажираните новинари се најмалку заштитената група во поглед на правата од работен однос.
- Неопходни се измени на постојната медиумска легислатива со цел да се обезбеди посебна заштита на социјалните и работничките права на новинарите и медиумските работници. Легислативата треба да биде усогласена со одредбите на Регулативата за слобода на медиумите на ЕУ, препораките на ЕК бр.6650 од 2021 и бр.1634 од 2022 година, како и со Повелбата за работнички права на Европската федерација на новинари.

- Медиумите задолжително треба да имаат внатрешни акти со кои се регулираат односите меѓу сопствениците, менаџментот и новинарите. Новинарите и медиумските работници треба да имаат договори за работа во кои им се гарантираат сите права од работен однос.
- Од исклучително значење е поддршката на синдикалното организирање на новинарите и медиумските работници и за склучување колективни договори. Препорачливо е да се следи примерот на некои европски земји (Данска), каде во колективните договори се обезбедува заштита на работничките права и на хонорарно ангажираните новинари и медиумски работници.

III. *Промовирање на медиумскиот плурализам – модели на финансирање производството на содржини и поддршка на квалитетно новинарство и вести*

- Медиумскиот плурализам е една од клучните цели на Директивата за аудиовизуелни медиумски услуги, заедно со културната и јазичната разновидност, заштитата на публиката, пристапноста до содржините, почитувањето на човековите права и недискриминацијата, правилното функционирање на внатрешниот пазар и промовирањето на фер конкуренција.
- Според правилата на ЕУ, доделувањето на државна помош, субвенции или други облици на финансирање на давателите на медиумски услуги мора да подлежи на строги критериуми. Ова е особено нагласено во Регулативата за слобода на медиумите која наложува транспарентни и недискриминаторски критериуми за доделување средства на давателите на медиумски услуги.
- Во поглед на ризиците за медиумскиот плурализам, беше нагласено дека: ранливите групи и локалните заедници имаат мал пристап до медиумските содржини, редакциите на помалите јазични заедници во јавниот сервис имаат малку ресурси, непрофитните медиуми и медиумите на заедницата се малку развиени, локалните приватни медиуми на заедниците се економски неодржливи.
- Во РСМ во моментов постои извесна поддршка за продукција на содржини само во рамки на фондовите со кои располага Агенцијата за филм. Неопходно е да се востанови посебен Фонд за поттикнување на плурализмот и разновидноста на медиумски содржини и истражувачкото новинарство.

IV. *Борба против штетите во онлајн просторот – регулаторна рамка на ЕУ, национални структури и иницијативи и како да се подобри нивниот успех*

- Регулативата за слобода на медиумите ја нагласува потребата од хармонизирани правила за заштита на независноста на сите видови медиуми – и онлајн и офлајн. Сите даватели на медиумски услуги кои нудат вести и актуелно-информативни содржини треба да се транспарентни и независни во својата уредувачка политика.
- Во медиумската легислатива на РСМ треба да се внесат технолошки неутрални одредби со кои ќе се опфатат и овие медиуми. Ова е барање и на самите претставници на онлајн медиумскиот сектор. Сепак, клучно е и натаму да се развива саморегулаторната рамка како основа за унапредување на етичките и професионалните стандарди во сите медиумски сектори.
- Во поглед на штетните аспекти на содржините во онлајн просторот, во земјава постојат бројни иницијативи и напори на граѓанските организации (Мрежа против говор на омраза, сервис за проверка на факти, низа активности за развивање на медиумската и дигиталната писменост и борба против дезинформациите) кои треба и натаму да се поддржуваат и развиваат.
- Сепак, она што недостасува е сеопфатен стратегиски пристап во развивањето на медиумската писменост во формалното образование, стратегиски планирано и координирано дејствување на сите надлежни институции во поглед на дигиталната безбедност, како и сеопфатен пристап кој ќе ги вклучи сите засегнати страни во справувањето со дезинформациите и говорот на омраза.

Работилницата се одржа како дел од Втората фаза на проектот *"ЕУ за слободата на изразување: усогласување на националното законодавство за медиуми со правото на ЕУ и европските медиумски стандарди"*. Врз основа на наодите презентирани на Работилницата и дискусиите и предлозите на учесниците, во следните два месеца експертскиот тим ќе изработи конкретни предлози за измени на медиумската легислатива, кои заедно со спроведените анализи во рамки на Проектот ќе послужат како основа за натамошна дебата во рамки на процесот на измени на легислативата.